Наративен извештај за август 2020 година

- Кабинет на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието. Во текот на месец август 2020 година, активностите на директорот Китанов беа прилагодени согласно со препораките на Владата и Министерството за здравство за потребата од преземање на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на пандемијата со коронавирусот COVID 19 која се појави во Република Северна Македонија, како и во останатите држави во светот.

Во врска со активностите на директорот потребно е да се напомене дека големо влијание имаше и изборниот процес каде што согласно со изборниот законик предвидува одредени оганичувања за постапување.

И покрај ова, но и покрај периодот на летните одмори сепак активностите на терен се одвиваа непречено. Па така, во периодов заврши санацијата на свлечиштето Р2238 Маврово-Галичник, свлечиште кое е настанато со свлекување на трупот од патот кој се наоѓа во засек во длабок дол како последица на обилни врнежи на дожд во текот на 2018 година. По појавата на свлечиштето веднаш се пристапи кон изработка на проектна документација, Основен проект, а потоа и комплетна санација на свлечиштето. Санационите работи се состоеја од изведба на армирано бетонски ѕид во должина од 60 м. фундиран на 67 армирано бетонски бунари со пречник од 60 цм. и должина од 11 м. шах - матно поставени во основа. По изведбата на Армирано бетонскиот ѕид изведен е насип и нова асфалтна конструкција во должина од 1 км. Изведена е нова, во најголем дел бетонирана, канафка за прифаќање на површинските води кои се честа појава за која за спроведување на водите се изведени три нови пропусти, од кои два над потпорниот ѕид и еден под потпорниот ѕид со што е заокружена санацијата на свлечиштето.

Една од важните активностите за овој месец е кракот од регионалниот пат Р1202 кој води во Бигорскиот манастир каде што е извршено проширување на двете серпентини со тампонирање и поставување на нова асфалтна конструкција и канали за одводнување на површинските води. На правецот пред самиот Манастир заради спречување на течење на материјал поставени се на дел габионски ѕидови и на дел обложни ѕидови од камена ѕидарија, на истот дел во должина од 250 м. патот претставуваше тесно крло со ширина помала од 4 м. Затоа извршено е проширување на патот со коловоз од 6 м на армирано бетонска конструкција која е фундирана на армирано бетонски колови со дијаметар од 80 цм. Поставени се два слоја на асфалт, нови риголи и пропуст за одводнување на површинските води. Заради безбедно одвивање на сообраќајот по целата должина поставена е нова еластична одбојна ограда по ЕН – Стандарди. Средствата за реализација на проектот се во вредност од 23,6 милиони денари и се обезбедени од Буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта.

Директорот Зоран Китанов, исто така беше во обиколка и на градежните активности за рекострукцијата на делницата Струмица – Ново Село. Станува збор за делница од 2,9 километри за што ќе бидат потрошени 23,75 милиони денари, коишто средства се обезбедени од Буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта.

Градежните активности за реконструкцијата на патниот правец од Струмица до Ново Село во должина од 12,3 километри започнаа да се реализираат од април минатата година, делница по делница со средства од Светска банка, за кој се обезбедени 1.8 милиони евра.

Притоа, тој информираше дека паралелно се работи и на патниот правец Струмица – Берово, односно се рехабилитира делница од 6,6 километри во вредност од 46.4 милиони денари и средства обезбедени од Буџетот на Јавното претпријате за државни патишта.

Активности има и на другиот крај во државава, поточно во југозападниот дел кадешто интензивно се работи на изградбата на заштитната ограда на обиколницата Битола на државниот пат А3 (Е-65), во должина од 860м која е во завршна фаза. Звукозаштитните бариери се еколошки, имаат висок коефициент на апсорбција на звукот, а се направени од бетонска маса во која се додадени гранули од гума добиени од рециклирани гуми. Овој концепт претставува економично и еколошко решение за заштита од бучава со кое ќе бидат заштитени граѓаните кои

живеат во околината, а од друга страна ќе се придонесе и за зголемена безбедност во сообраќајот. Звучните бариери се поставуваат од левата и од десната страна на коловозот при што на крајните делови од секој потег ќе се поставаат крилни ѕидови со што се спречува секаков вид на поминување. Изградбата се одвива на 4 потега и заклучно со месец јули реализирани се поголем дел од активностите. Целосно поставена е звукозаштитна ограда на потегот 1 и 4, при крај се активностите на потегот 2, завршени се бетонски работи и поставени челичните профили од двете страни на потегот 3. Проектот е финансиран од Буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта со договорна цена од 36.5 милиони денари.

Месецот што измина го одбележа и започнувањето на рехабилитацијата на 79 километри на шест делници со средства од ЕБОР. Јавното претпријатие за државни патишта по добиеното одобрение од страна на Европската Банка за Обнова и Развој, и потпишаните Договори со Изведувачите, ги воведе во работа и започна со рехабилитација на следните 6 делници:

1. Рехабилитација со проширување на автопат А1, делница Петровец–Катланово (лев и десен коловоз), должина 5,5 км; Вредност 4,84 милиони евра.
2. Рехабилитација на регионален пат Р1202, делница Маврови Анови– Жировница, должина 18,5 км; Вредност 6,18 милиони евра.
3. Рехабилитација на регионален пат Р1303, делница Кичево–Македонски Брод, должина 25,75 км; Вредност 3,15 милиони евра.
4. Рехабилитација на регионален пат Р1206, делница Карпалак–Желино, должина 12,20 км; Вредност 1,65 милиони евра.
5. Рехабилитација на регионален пат Р1210, делница Узем–Тораница, должина 6,91 км; Вредност 1,75 милиони евра.
6. Рехабилитација на регионален пат Р1210, делница Македонска Каменица–Саса, должина 10 км; Вредност 2,27 милиони евра.

Вредно е да се спомене и тоа што месецот го завршивме со рехабилитацијата на државниот пат Р1107 делница Мушов Гроб–Мрежичко, во должина од 7,15 км и вредност од 67,20 милиони денари. Средствата беа обезбедени од Буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта.